Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 15**

**05.11.2014**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година III квартал**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година за III квартал донесен на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/1** **Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**248.** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година III квартал**

1.СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за реализација на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година III квартал.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 831/4** **Совет на Општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/2** **Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**249.** Врз основа на член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011 ) член 43 од Статутот на Општината Демир Хисар (“Службен гласник на Општината Демир Хисар” број 3/2002) и Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници (,,Службен весник на РМ“ бр.143/2014), Советот на Општината Демир Хисар на дваесетипеттата седница одржана на ден 31.10. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година**

Член 1

Во член 12 став 2 алинеја 1 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2014 година, број 07-942/1/2013 и 07- 76/5/2014, бројот ,,77,5“ се заменува со бројот ,,76,8“ и во алинеја 2 бројот ,,19,71“ се заменува со бројот ,,20,50“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Демир Хисар”.

**Бр.07-831/5** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решението за именување на член од локланата самоуправа во ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на член од локалната самоуправа во ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар донесено на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/3 Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**250.** Врз основа на член 43 став 1 точка 5 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05,7/09 и 16/13) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на член од локланата самоуправа во ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар**

1.За член во Управниот одбор во ЈУ Центар за социјални работи Демир Хисар од локалната самоуправа се именува лицето Рубин Митевски-дипломиран јавен администратор.

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето на Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/6 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за формирање на Комисија за спроведување на постапка за утврдување на измени на постојниот грб на Општина Демир Хисар и ново знаме на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за формирање на Комисија за спроведување на постапка за утврдување на измени на постојниот грб на Општина Демир Хисар и ново знаме на Општина Демир Хисар донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/4 Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**251.**Врз основа на член 10 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“) а во согласност со член 155 точка 1 и 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02,4/05,7/09 и 16/13) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2014 година донесе

**О Д Л У К А**

**За формирање на Комисија за спроведување на постапка за утврдување на измени на постојниот грб на Општина Демир Хисар и ново знаме на Општина Демир Хисар**

Член 1

За членови на Комисијата се избрани следниве лица:

1.Александар Тренчевски професор по историја
2. Славче Велјановски професор по историја
3. Петар Гајдов –потпретседател на здружението на хералдичари
4. Дијана Колунџиовска-професор по ликовна уметност
5. Нада Пејковска -советник

Член 2

Комисијата ќе ја спроведе целокупната постапка во согласност со одредбите од јавниот оглас за изработка на идејни решенија за измени на постојниот грб и ново знаме на општината Демир Хисар, Одлуката за изменување на постојниот грб и утврдување на ново знаме на општина Демир Хисар, како и во согласност со закон и други акти на Советот на општина Демир Хисар.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр.07-831/7 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за распишување на конкурс за изработка на идејни решенија за утврдување на грб и знаме на Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за распишување на конкурс за изработка на идејни решенија за утврдување на грб и знаме на Општина Демир Хисар донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/5 Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**252.** Врз основа на член 10 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“) а во согласност со член 155 точка 1 и 2 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05,7/09 и 16/13) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**За распишување на конкурс за изработка на идејни решенија за утврдување на грб и знаме на Општина Демир Хисар**

Член 1

Со оваа одлука се распишува Конкурс за изработка на идејни решенија за измени на постојниот грб и ново знаме на Општина Демир Хисар и утврдување награди за избрано идејно решенија.

Член 2

Идејните решенија за измени на постојниот грб и ново знаме на општина Демир Хисар треба да бидат изработени со стилизиран приказ со употреба на симболи што се инспирирани, односно произлегуваат од македонската историја, традицијата, културното наследство, обележјата, природните реткости, географските карактеристики, како и други карактеристики на општина Демир Хисар.

Во Конкурсот поблиску и попрецизно ќе бидат наведени условите и критериумите за избор на најдобри понудени решенија.

Член 3

Конкурсот е јавен и трае 30 дена од денот на објавувањето на официјалната веб страница на општината Демир Хисар.

Член 4

Право на учество на Конкурсот имаат сите правни и физички лица во РМ.

Член 5

За избраните решенија за измени на постојниот грб и ново знаме на општината Демир Хисар што ќе бидат утврдени од страна на Советот на општината, се утврдуваат награди.

Наградата за идејно решение за изменување на постојниот грб на општината Демир Хисар ќе изнесува 15.000,оо денари.

Наградата за идејно решение за знаме на општината Демир Хисар ќе изнесува 15.000,оо денари.

Член 6

Постапката за утврдување измени на постојниот грб и ново знаме на општината Демир Хисар ќе ја спроведе Комисијата формирана со одлука на Советот на општината бр.07-831/7 од 31.10.2014 година.

Член 7

Комисијата ја спроведува постапката за утврдување на измени на постојниот грб и ново знаме на општината Демир Хисар и има задача да ги прибере постигнатите идејни решенија, да ги разгледа, да ги избере најдобрите и да му ги предложи на Советот на општината со цел утврдување на измени на постојниот грб и ново знаме.

Член 8

Комисијата има право да не прифати ниту еден од присутните трудови.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Демир Хисар.

**Бр.07-831/8** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за утврдување висината на надомест за избрани идејни решенија**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување висината на надомест за избрани идејни решенија донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/6** **Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**253.** Врз основа на член 10 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“) а во согласност со член 155 точка 1 и 2 член 156 и 157 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09 и 16/13) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување висината на надомест за избрани идејни решенија**

Член 1

За избраните идејни решенија, изменување на постојниот грб и утврдување на знаме на општина Демир Хисар, поединечно за секој авторски труд се определува надоместок (награда) во висина од 15.000,оо денари.

Определените средства ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Демир Хисар.

Член2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/9** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за промена на имиња на улици во Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за промена на имиња на улици во Општина Демир Хисар донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/7** **Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**254.** Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.5/02“), член 4 и 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти („Службен весник на РМ бр.66/2004 и 55/2007“) како и во согласност со член 43 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09 и 16/13) Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**За промена на имиња на улици во Општина Демир Хисар**

Член 1

Со оваа Одлука се врши промена на имињата на следните улици

**-4-ти Јули**
**-Маршал Тито**
**-29-ти Ноември**
**-Велко Влаховиќ**

Член 2

Улицата „4-ти Јули“ се преименува во улица **„Јане Ангелевски“**

Улицата „Маршал Тито“ се преименува во улица **„Македонија“**

Улицата „29-ти Ноември“ се преименува во улица **„Брсјачка Буна“** и

Улицата „Велко Влаховиќ“ се преименува во улица **„Солунска“**

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/10 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/8 Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**255.** Врз основа на член 6 став 1 и 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09), член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**За прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар**

Член 1

СЕ ПРИФАЌА Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеќу Општина Битола и Општина Демир Хисар поднесено од Советот на Општина Битола број 07-24/8 од 22.09.2014 година, за вршење на опшределени работи од надлежност на внатрешната ревизија, од страна на Општина Демир Хисар во корист и за сметка на Општина Битола.

Член 2

Прифатениот предлог од членот 1 на оваа Одлука се доставува до Општина Битола, заради потврда на прифатениот предлог.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“

**Бр.07-831/11 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар донесено на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/9 Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**256.** Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр. 79/09) и член 43 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр.3/02, 4/05, 7/09 и 16/03), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар**

1.За членови на заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Битола и Општина Демир Хисар од Општина Демир Хисар се именуваат:

-Љупчо Ангелески
-Јовче Сиљановски

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/12 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Програмата за урбанистички планови на Општина Демир Хисар за 2014 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за УП на Општина Демир Хисар за 2014 година донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/10 Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**257.** Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст (Сл.весник на РМ бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11 и 144/12; 70/2013; 55/2013 и 163/2013), член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.10.2014 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2014год.***

**Член 1**

Во членот 1, глава I се менува и гласи:
1.Изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар. Планот се изработува согласно годишната програма за изработка на Урбанистички планови и Државна и Локална урбанистичка планска документација во Република Македонијка за 2014год.

Во членот 1, во глава IV, по точката 12 се додаваат три нови точки и тоа 13, 14, 15 кои се однесуваат на:
13. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер – Манастир „св. Петар“ и помошен објект, с. Смилево, на КП бр. 9 и КП бр. 10, КО Смилево, по барање на МПЦ.
14. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер – Манастир „св. Атанас“ и помошен објект, с. Журче, на КП бр. 538, КО Журче, по барање на МПЦ.
15. Изработка на ЛУПД за вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер – Манастир „св. Антониј“ и помошен објект, с. Стругово, на КП бр. 1853 и КП бр. 1854, КО Стругово, по барање на МПЦ.

**Член 2**

Измените на Програмата влегуваат во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/13** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на Генерален урбанистички план за Општина Демир Хисар донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/11** **Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**258.** Врз основа на член 17, член 23, член 26 од законот за просторно и урбанистичко планирање, и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.10.2014 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување на изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар**

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на Генерален урбанистички план за општина Демир Хисар. Планот се изработува согласно годишната програма за изработка на Урбанистички планови и Државна и Локална урбанистичка планска документација во Република Македонијка за 2014год.

Генералниот урбанистички план го изработува Агенцијата за просторно и урбанистичко планирање, согласно Измената на водостопанската основа на РМ од 1968год. за акумулацијата Бучин, (Сл.весник на РМ бр. 188/2013).

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/14** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за објекти од верски карактер Манастир „св. Петар“ и помошен објект, с. Смилево**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за објекти од верски карактер Манастир „Св.Петар“ и помошни објекти с.Смилево донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/12** **Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**259.** Врз основа на член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст и Измените на Законот (Сл.весник на РМ бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11;144/12; 70/2013; 55/2013, 163/2013), член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Измените на Законот(Сл.весник на РМ бр. 23/2011; 155/2012; член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.10.2014 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување на изработка на** ЛУПД за објекти од верски карактер
Манастир „св. Петар“ и помошен објект, с. Смилево

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на ЛУПД за објект од верски карактер Манастир „св. Петар“ и помошен објект, с. Смилево, на КП бр. 9 и КП бр. 10, КО Смилево, по барање на МПЦ, заради вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер.

**Член 2**
Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/15** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за објекти од верски карактер Манастир „св. Атанас“ и помошен објект, с. Журче**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за објекти од верски карактер Манастир „св.Атанас“ и помошен објект с.Журче донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/13** **Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**260.** Врз основа на член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст и Измените на Законот (Сл.весник на РМ бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11;144/12; 70/2013; 55/2013, 163/2013), член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Измените на Законот(Сл.весник на РМ бр. 23/2011; 155/2012; член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.10.2014 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување на изработка на** ЛУПД за објекти од верски карактер
Манастир „св. Атанас“ и помошен објект, с. Журче

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на ЛУПД за објект од верски карактер, Манастир „св. Атанас“ и помошен објект, с. Журче, на КП бр. 538, КО Журче, по барање на МПЦ, заради вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер

**Член 2**
Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/16** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за објекти од верски карактер Манастир „св. Антониј“ и помошен објект, с. Стругово**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување на изработка на ЛУПД за објекти од верски карактер Манастир „св. Антониј“ и помошен објект с.Стругово донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/14** **Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**261.** Врз основа на член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање - пречистен текст и Измените на Законот (Сл.весник на РМ бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11;144/12; 70/2013; 55/2013, 163/2013), член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Измените на Законот(Сл.весник на РМ бр. 23/2011; 155/2012; член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02) и член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.10.2014 год. донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување на изработка на** ЛУПД за објекти од верски карактер
Манастир „св. Антониј“ и помошен објект, с. Стругово

**Член 1**

Се отпочнува со изработка на ЛУПД за објект од верски карактер – Манастир „св. Антониј“ и помошен објект, с. Стругово, на КП бр. 1853 и КП бр. 1854, КО Стругово, по барање на МПЦ, заради вклопување на бесправно изграден објект од верски карактер

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/17** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Редакциски одбор за изработка на книга-Монографија**

1.Го објавувам Решението за формирање на Редакциски одбор за изработка на книга-Монографија донесено на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/15** **Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**262.** Врз основа на член 43 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Демир Хисар „Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.03/02“, Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За избор на Редакциски одбор за изработка на книга-Монографија**

1.Се избира Редакциски одбор за изработка на книга-Монографија на тема „Учество на демирхисарските војници (резервисти) во војната во Република Македонија во 2001 година.

Редакцискиот одбор е во следниот состав:
**За Претседател**: Љупчо Блажевски-Градоначалник на Општина Демир Хисар
**За членови**:
2.Живко Дранговски -невработен
3.Љупчо Ангелески-Секретар на општина Демир Хисар
4.Живко Николовски-Пензионер
5.Драге Станојовски-вработен во ЈКП „Комуналец“
6.Злате Наумовски-вработен во ПП Орнамент
7.Стево Бошковски-вработен во ЈП „Македонски шуми“-подружница Демир Хисар
8.Бале Гроздановски-вработен во ЈЗУ „Психијатриска болница“
9.Гоце Цветановски-вработен во ЈП „Македонски шуми“-подружница Демир Хисар
10.Љупче Дамчевски-Советник во Советот на Општина Демир Хисар-невработен
11.Џелаледин Сулејмановски-невработен
12.Горан Чамовски-вработен во матична служба
13.Зоре Велески-вработен во УЈП Демир Хисар
14.Трајан Најдовски-вработен во ООРБТ Демир Хисар
15.Зоран Милевски-вработен во МВР-ПС Демир Хисар
16.Кире Момировски-невработен
17.Снежана Најдовска-вработена во ЈЗУ „Психијатриска болница“ Демир Хисар
18.Ванѓелко Лозановски-Претставник од НВО сектор
19.Драгољуб Столески-вработен во касарна Кичево
20.Ѓорѓи Ѓуровски-пензионер
21.Бајрам Ракипоски-вработен во ГШ на АРМ

2.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/18 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Урбанистички план вон населено место за индустриска зона во КО Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на Нацрт Урбанистички план вон населено место за индустриска зона во КО Демир Хисар донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/16 Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**263.** Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11, 144/12; 70/2013; 55/2013 и 163/2013), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 31.10.2014 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За утврдување на Нацрт Урбанистички план вон населено место за индустриска Зона во КО Демир Хисар***

**Член 1**

Се утврдува Нацрт Урбанистички план вон населено место за индустриска зона во КО Демир Хисар. Планот се изработува согласно годишната програма за изработка на урбанистички планови и државна и локална урбанистичка планска документација во Република Македонија во 2013година. Урбанистичкиот план содржи текстуален дел и грфички прикази на планските решенија, како и нумерички дел со билансни показатели за планираните површини и градби според намената и инфраструтурата.

Составен дел на Нацрт планот за УПВНМ се следните списи:

- Нацрт План за УПВНМ со техн. број Е2413, изработен од Агенција за просторно планирање
- Услови за планирање на просторот, издадени од Министество за животна средина и просторно планирање, со техн. број 255/12
- Геодетски Елаборат со техн. број 07-13154/1 од 18-07-2013
- Планска Програма изработена од Изготвувачот Агенција за просторно планирање, од 23-12-2013
- Ревизија на нацрт план за УПВНМ изработена од Министерство за транспорт и врски со техн. број 15-12844/3 од 15-09-2014

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување

**Бр.07-831/19 Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

***За објавување на Решение за определување на лице за вршење на работи од областа на јавните набавки во општина Демир Хисар***

1.Го објавувам Решението за определување на лице за вршење на работи од областа на јавните набавки во Општина Демир Хисар Бр. 08-822/1 од 20.10.2014 година донесено од Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/18 Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**264.** Врз основа на член 29-а од Законот за јавни набавки („Службен весник на РМ„ бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/2013, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14 и 130/14 ), Градоначалникот на Општина Демир Хисар донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

***за определување на лице за вршење на работи од областа на јавните набавки во општина Демир Хисар***

1. За вршење на работи од областа на јавните набавки во општина Демир Хисар се определува Влатко Станковски вработен на работно место - Раководител на одделение за финансиски прашања.

***Образложение***

Лицето од членот 1 на ова Решение ќе ги извршува работите од областа на јавните набавки предвидени во член 29-а од Законот за јавните набавки:

- ја координира подготовката на планот за јавни набавки,
- ја изготвува одлуката за јавна набавка,
- го објавува огласот за јавна набавка,
- ја советува комисијата при спроведување на постапката за доделување договор за јавна набавка,
- задолжително учествува како член во комисијата за јавна набавка кај постапките за доделување договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 4.000.000 евра за работи,
- ги подготвува потребните акти врз основа на извештајот од спроведена постапка,
- ги ажурира податоците кои согласно со овој закон се доставуваат во ЕСЈН,
- објавува негативна референца во ЕСЈН согласно со условите од Законот за јавните набавки,
- дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување во жалбената постапка во соработка со комисијата за јавна набавка и
- врши други работи согласно со Законот за јавните набавки.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Доставено до:
-Именуваниот
-Архива
-Досие

**Бр.08-822/1** **Општина Демир Хисар**
**20.10.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Согласност на Спецификација за градежни и комунални услуги од страна на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Согласноста на Спецификацијата за градежни и комунални услуги од страна на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар донесена на 25-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 31.10.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-858/17** **Општина Демир Хисар**
**05.11.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**265.** Врз основа на член 43 став 1 точка 43 од Статутот на општина Демир Хисар (Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.03/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 31.10.2014 година донесе

**С О Г Л А С Н О С Т**

**За утврдување на ценовник за градежни и комунални услуги од страна на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Се дава Согласност на ценовникот со утврдени цени за градежни и комунални услуги кои ќе ги врши ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

2.Утврдениот Ценовник е составен дел на Согласноста и истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07-831/20** **Совет на општина Демир Хисар**
**31.10.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 12 од Законот за комунални дејности ( Службен . весник на Р.М. бр.95/12 ), Одлука за комунален ред на општина Демир Хисар донесена од Страна на Совет на Општината на ден 29.09.2014 година , а согласно со член 10 А од Законот за јавни набавки ( Сл. весник на Р.М. бр.130/14 ) Управниот одбор на ЈКП Комуналец Демир Хисар на седницата одржана на 28.10.2014 година го донесе следниот:

С О Д Р Ж И Н А


1. Заклучок за усвојување на Квартален извештај за реализација на Буџетот на општина Демир Хисар за 2014 година -III-квартал------------------------------------------1
2. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2014 година----1
3. Решение за именување на член во Управен одбор од локалната самоуправа во ЈУ „Центар за социјални работи“ Демир Хисар--------------------------------------------2
4. Одлука за формирање на Комисија за спроведување на постапката за утврдување на измени на постојниот грб на општина Демир Хисар-------------------2-3
5. Одлука за распишување на конкурс за изработка на идејни решенија за утврдување на грб и знаме на општина Демир Хисар-------------------------------3-4
6. Одлука за утврдување на висина на надомест за избрани идејни решенија--4
7. Одлука за промена на имиња на улици во градот Демир Хисар-------------------------4-5
8. Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Демир Хисар и општина Битола-------------------------------5
9. Решение за именување на членови во заедничката комисија за подготовка на предлог актот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Демир ХисариОпштина Битола-6
10. Одлука за измени и дополнување на Програмата за донесување на УП за Општина Демир Хисар за 2014 година--6-7
11. Одлука за отпочнување на изработка на ГУП за општина Демир Хисар--------------7
12. Одлука за отпочнување на ЛУПД за објекти од верски карактер Манастир „Св.Петар“ и помошен објект с.Смилево-7-8
13. Одлука за отпочнување на изработка на ЛУПД за објект од весрки карактер Манастир „Св.Атанас“ и помошен објект с.Журче---------------------------------------8
14. Одлука за отпочнување на изработка на ЛУПД за објект од верски карактер Манастир „Св.Антониј“ и помошен објект с.Стругово-----------------------------------9
15. Решение за формирање на Редакциски одбор за изработка на книга-Монографија---------------------------------9-10
16. Одлука за утврдување на Нацрт Урбанистички план вон населено место за индустриска Зона во КО Демир Хисар----------------------------------------10
17. Решение за определување на лице за вршење на работи од областа на јавните набавки во Општина Демир Хисар---------------------------------------------11
18. Согласност на Спецификација за градежни и комунални услуги од страна на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар и Спецификација за градежни и комунални услуги од страна на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар------------------------------------------------11


**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**